**Известување за концентрација со која Друштвото за производство, трговија и услуги Боров дол ДООЕЛ Радовиш ќе се присоедини кон Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш**
**(предмет бр. 08-47/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 08.03.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација помеѓу Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш, со седиште на ул. Маршал Тито бб, Радовиш, и Друштвото за производство, трговија и услуги Боров дол ДООЕЛ Радовиш, со седиште на ул. Свети спасо радовишки бр.1, Радовиш, а која ќе настане со присоединување на Боров дол ДООЕЛ Радовиш кон Бучим ДООЕЛ Радовиш.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Бучим ДООЕЛ Радовиш**, е друштво чија примарна дејност е вадење на други руди на обоени метали. Бучим ДООЕЛ Радовиш, до 2021 година, вршеше ископ на минерална суровина на бакар и злато. Меѓутоа, од 2021 година, ископот на минерална суровина во рудникот е прекинат поради исцрпување на рудата во отворените копови. Па така, од 2021 година, Бучим ДООЕЛ Радовиш, започнува да врши преработка на ископената руда од рудникот Боров во индустриски погон – флотација.

**Боров дол ДООЕЛ Радовиш**, е друштво чија примарна дејност е исто така вадење на други руди на обоени метали. Боров дол ДООЕЛ Радовиш е формирано во 2010 година со цел да се изведат детални геолошки истражувања за присуство на бакарна руда на локалитетот Боров дол, во Општина Конче, Општина Штип и Општина Радовиш.

**Бучим ДООЕЛ Радовиш** и **Боров дол ДООЕЛ Радовиш** се присутни на пазарот на територија Република Северна Македонија, со оглед дека нивните дејности се базирани на оваа територија, согласно концесиските права кои ги имаат учесниците за вршење на нивната дејност, како и потребните лиценци и дозволи.

Учесниците не вршат малопродажба и не вршат промет на конечен производ на територија на Република Северна Македонија.

**Бучим ДООЕЛ Радовиш** и **Боров дол ДООЕЛ Радовиш**, немаат никакво учество или сопственички удели во некое друго основано друштво на територијата на Република Северна Македонија.

Според подносителот на известувањето за целите на оценка на оваа концентрација релевантен пазар е пазарот на рударската индустријата со бакар, односно берзански производи со бакарни својства (катоден бакар, бакарен концентрат).

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

**16.03.2023 година**
**Скопје**